Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 24 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-6222/1 од 12.12.2014 година, Известувањето за престанување со емитување на телевизиска програма од Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје, наш арх.бр.08-2630/1 од 04.06.2024 г., Изјава, бр.УЗП 7142/2024 од 06.06.2024 г., наш арх.бр.08-2630/3 од 06.06.2024 г. од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот и Заклучокот арх.бр.02-2697/6 од 13.06.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26-та седница одржана на 12.06.2024 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш, а ќе се применува по извршената уплата на надоместокот за Дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-319 од 22.05.2018 г. од страна на радиодифузерот согласно издадена фактура од страна на Агенцијата само за периодот на работење, односно од 04.05.2024 г. заклучно до 31.05.2024 г.

## Образложение

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје, е имател на дозвола за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-319 од 22.05.2018 г. (со период на важност од 04.05.2018 г. до 03.05.2027 г.), кој емитува програма преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на регионално ниво за подрачјето Д7 - Стогово (Општина Дебар, Општина Центар Жупа и Општина Маврово и Ростуше), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик, албански јазик и турски јазик.

На 03.06.2024 г. ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) достави Известување за престанување со емитување на телевизиска програма (наш арх.бр.08-2630/1 од 04.06.2024 г.), дека ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје, поради технички дефект во опремата кој се случил на 31.05.2024 г., како и поради тешката финансиска состојба на радиодифузерот ќе престане со емитување на телевизиска програма. По повод цитираното Известување, Агенцијата на 05.06.2024 г., со Допис, наш арх.бр.08-2630/2, го извести наведениот радиодифузер дека согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) потребно е да достави изјава заверена на нотар од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот, во која задолжително треба да биде наведено дека радиодифузерот ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје престанува со емитување на телевизиска програма, со точен датум на престанок со емитување на телевизиска програма. Воедно, радиодифузерот беше известен дека со оглед на тоа дека ТРД Телевизија 3 ДООЕЛ Скопје има долг кон Агенцијата за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување, потребно е да ги подмири финансиските обврски кон Агенцијата.

Имено, по донесувањето на ова Решение, а согласно член 24 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата, на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје, Агенцијата ќе му издаде нова фактура, која ќе се однесува само

на периодот на работењето, односно од 04.05.2024 г. заклучно до 31.05.2024 г. - период наведен во доставената Изјава (заверена на нотар) УЗП бр.7142/2024 од 06.06.2024 г., која фактура треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање. Претходно доставената Фактура, бр.2024-100-0143 од 07.05.2024 г. (наш арх.бр.05-2209/1 од 07.05.2024 г.) за годишниот надоместок за дозвола за телевизиско емитување на ТРД Телевизија 3 ДООЕЛ Скопје за период од 04.05.2024 г. до 03.05.2025 г., издадена од страна на Агенцијата ќе биде сторнирана.

На 06.06.2024 г. до Агенцијата од ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје, беше доставена Изјава бр.УЗП 7142/2024 од 06.06.2024 г. (заверена на нотар), наш арх.бр.08-2630/3 од 06.06.2024 г., од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот – Виктор Серафимов, дека ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје заклучно со 31.05.2024 г. престанува со емитување на телевизиска програма, како и дека ќе го плати надоместокот за Дозволата, Уп1 бр.08-319 од 22.05.2018 г., согласно издадената фактура од страна на Агенцијата, не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање, која се однесува само за периодот на работењето, односно од 04.05.2024 г. заклучно до 31.05.2024 г.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2 од ЗАВМУ).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, со доставување на напредцитираната писмена Изјава од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот (заверена на нотар), како и со подмирување на финансиските обврски кон Агенцијата за надоместокот на дозволата од страна на радиодифузерот, ќе бидат исполнети законските услови за престанување на важноста на дозволата по сила на закон, по што Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот ТРД Телевизија 3 ДООЕЛ Скопје од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г., член 24 став 5 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата, Известувањето за престанување со емитување на телевизиска програма од ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје, наш арх.бр.08-2630/1 од 04.06.2024 г., Изјавата, бр.УЗП 7142/2024 од 06.06.2024 г., наш арх.бр.08-2630/3 од 06.06.2024 г. од единствениот основач/сопственик на радиодифузерот и Заклучокот арх.бр.02-2697/6 од 13.06.2024 г., се донесе решение како во диспозитивот, кое влегува во сила веднаш, а ќе се применува по извршената уплата на сметка на Агенцијата од страна на радиодифузерот, согласно точка 3 од ова решение.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.